**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Уп. бр. 08-75

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 19 и член 28 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен Весник на Република Македонија„ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по Известувањето за концентрација поднесено од ИН2 друштво со ограничена одговорност за информатички инженеринг и услуги Загреб, со регистрирано седиште на Махроничева 1/1, Загреб, Република Хрватска, доставено преку адвокат Јасмина Илиева Јовановиќ, од Адвокатско друштво Дебарлиев, Дамески и Ќелешоска, на седница одржана на ден 29.10.2018 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

Се утврдува дека концентрацијата со која **ИН2 друштво со ограничена одговорност за информатички инженеринг и услуги Загреб,** со регистрирано седиште на Махроничева 1/1, Загреб, Република Хрватска, ќе стекне единствена контрола над **Друштво за информатички инженеринг ИН2 ДООЕЛ Скопје, Република Македонија,** со регистрирано седиште на ул. Филип Втори Македонски бр. 3, Скопје, преку купопродажба на удели, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 25.09.2018 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која **ИН2 друштво со ограничена одговорност за информатички инженеринг и услуги Загреб,** со регистрирано седиште на Махроничева 1/1, Загреб, Република Хрватска, ќе

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

стекне единствена контрола над **Друштво за информатички инженеринг ИН2 ДООЕЛ Скопје, Република Македонија,** со регистрирано седиште на ул. Филип Втори Македонски бр. 3, Скопје, преку купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето за концентрацијата со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите го утврди следното:

**ИН2 Загреб** е едно од водечките ИКТ друштва за развој на софтвер на пазарот во Југоисточна Европа, кое опслужува претежно големи регионални и меѓународни клиенти, почнувајќи од мали и средни претпријатија до големи корпорации, како и претпријатија од јавниот сектор, почнувајќи од јавната администрација до даватели на здравствени услуги. ИН2 Загреб има пазарно присуство во Словенија, Србија, Босна и Херцеговина, Косово и Албанија преку основани зависни друштва, кои ја сочинуваат **„ИН2 Групацијата“**.
ИН2 Загреб е во крајна целосна сопственост на **Констеллатион Софтваре Инц.,** Канада (во понатамошниот текст: **ЦСИ**).

**ЦСИ** е софтверска холдинг компанија, со седиште на ул. Аделаиде 20, Источен ст. 1200, Торонто, ОН, М5Ц 2Т6 Канада, која котира на Берзата на Торонто. ЦСИ управува со неколку групи на компании кои се активни во бизнисот за софтвер, кои ја сочинуваат **„ЦСИ Групацијата“**. Деловната активност на ЦСИ Групацијата е стекнување на мисиско-критични софтвер компании, на кои им помага да се развијат.

**ИН2 Скопје** е ИТ софтверско друштво со ограничена одговорност во приватна сопственост, чии основни активности се во областа на ИТ услугите и нуди развој, имплементација, поддршка, а исто така и локализира популарни ИТ решенија и ги нуди на локални партнери и потенцијални клиенти. ИН2 Скопје воглавно е извозно ориентирана ИТ компанија, која ги нуди своите услуги преку посредници до крајните корисници надвор од Македонија и е активно со крајно обезбедување на ИТ услуги во финансискиот сектор како осигурителни компании, брокери, инвестициски фондови, пензиски фондови, како и владини институции во јавниот сектор. ИН2 Скопје има незначителна активност на пазарот на ИТ услуги во Македонија и нема никаква активност на било кој друг пазар во Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став(1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 в) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Д-р Владимир Наумовски**